АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26. 11. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5129 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово (поранешен ТРД АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово)

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 ноември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 ноември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 25.04.2018 година, за непочитување на член 14 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-232, 25.04.2018 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово (сегашен Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово).*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 1 ноември 2018 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Имено, спротивно на точка 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците *(во текот на емисијата, за секој засебен прилог треба да се објавуваат податоците за импресумот)*, во дел од прилозите во информативните програми „Вести", не се објавени податоците за импресумот - име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (снимател, монтажер и сл).

**1.11.2018**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Вести | 08:59:28 | 09:16:52 | Во повеќе изданија на програмата "Вести', не се објавени податоците за импресумот во дел од прилозите. |
| | 15:29:55 | 15:50:28 | |
| | 18:29:32 | 18:58:10 | |
| | 23:16:31 | 23:46:07 | |

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците *(на најавната или одјавна шпица се објавуваат податоците за импресумот)*, во емисијата „Клан дебата", актуелно информативна програма, ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за (датумот на) продукцијата.

**1.11.2018**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| "Klan debat" | 12:06:07 | 13:17:53 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица, не се објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | екипа, податоците за уредништвото и за (датумот на) продукцијата. |

Спротивно на точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците *(кога емитува програми од туѓо производство, телевизијата треба да ја емитува оригиналната шпица)*, во утринската програма "Aldo morning show" и „Rudina"- говорна шоу програма, не се објавени податоци за импресум, односно не е емитувана оригиналната шпица на програмите.

**1.11.2018**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| "Aldo morning show" (утринска програма) | 06:58:56 | 08:59:21 | Во програмите од туѓо производство не е емитувана оригиналната одјавна шпица. |
| „Rudina" | 17:02:18 | 17:55:54 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, на 1 ноември 2018 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 25.04.2018 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за медиуми.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***